28307

CLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674
Isečak iz lista
Newspaper cutting

ЕКРАН
Скопје
20. XI. 1981 575,6.

### РАДА ПЕТРОВА МАЛКИЌ:

# ХЕТЕРОГЕНОСТ ВО ЛИКОВНИОТ ИЗРАЗ

Во изложбениот салон на Центарот за култура и информации во Скопје отворена е првата самостојна изложба на „Таписерии и костимографија“ на **Рада Петрова-Малкиќ, сликар-костимограф од Скопје.** На изложбата се изложени 23 уметнички таписерии и околу 50 посебно одбрани унифицирани костимографски нацрти.

**● Последниве неколку години работев интензивно на уметничката таписерија која, како што рече Соња Абаџиева, во многу експонати претставува експеримент, како во ткајачката техника така и во елементите кои ги користам во ткаењето. Тргнувајќи од тоа дека сè е менливо, и од тоа дека уметникот не може да остане на еден сликарски израз, во мојата уметничка таписерија се забележува хетерогеност во ликовното изразување, во зависност од тоа што ме преокупира во моментот како уметник. Така, почнувајќи од нашите Фолк елементи, преку новите сознанија кои произлегуваат од нашето поднебје дојдов до монохромноста и единството на ликовниот израз. Иако, во моментов моите таписерии се врзани за ѕид, се надевам дека во една блиска иднина ќе успеам да ги внесам и во просторот. Што се однесува до кореографските нацрти, тоа не се нацрти наменети за „шивална“. Секој од нив, посебно избран за изложбата, третира еден основен идеен проблем на сценското оформување на една театарска претстава. Мислам дека изложбата ќе овозможи и пошироката јавност да се запознае со тоа, ни рече Рада Петрова-Малкиќ.**

П. Д.